Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 68, 15 октомври 2011 година

октомври 2011 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата .......... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област финансии на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 4

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Книжевност за деца” од авторот доц. д-р Јованка Денкова од Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 12

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по книжевност за деца“ од авторот доц. д-р Јованка Денкова од Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 14

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Оперативни системи – скрипта“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и м-р Ѓорѓи Димов од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 16

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Оперативни системи – практикум со вежби“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и м-р Ѓорѓи Димов од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Фетална анатомија и конгенитални аномалии“ од авторот насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .......... 19



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ОПЕРАТИВНИ СИСТЕМИ – ПРАКТИКУМ СО ВЕЖБИ“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р ИГОР СТОЈАНОВИЌ И М-Р ЃОРЃИ ДИМОВ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 2002-131/20 од 3 октомври 2011 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, определени сме за рецензенти на интерната скрипта „**ОПЕРАТИВНИ СИСТЕМИ – ПРАКТИКУМ СО ВЕЖБИ**“ од авторите **асистент д-р Игор Стојановиќ и асистент м-р Ѓорѓи Димов.**

По преглед на ракописот го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот „Оперативни системи – Практикум со вежби“ е наменет како придружба на ракописот „Оперативни системи – Практикум“, кој го покрива делот за аудиториски/лабораториски вежби.

Напишан е на македонски јазик, се протега на 46 страници и се состои од 7 вежби. Во Вежба 1 се објаснети основите на работа со оперативниот систем UNIX и тоа основните команди за работа со фајлови и менаџирање на корисници. Во Вежба 2 се разгледани понапредните команди за работа со именици и фајлови, како и стандарднатаironеничка структура на еден UNIX систем. Целта на Вежба 3 е да се покаже како функционира уредувањето на содржината на датотеките со помош на едиторот VI. Вежба 4 се однесува на процесите, како тие да се контролираат. Вежба 5 разгледува од теориски аспект, преку конкретни примери за пресметување, како се однесуваат различните видови на распределувачи на процеси. Вежба 6 е продолжение на вежба 5, но која разгледува еден друг алгоритам, Round-Robin. Во Вежба 7 се работат основите за програмирање на BASH-скрипти.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите од факултетите за информатика, а содржи и поголем број јасни графички описи (дијаграми) кои го олеснуваат разбирањето на концептите. Дадени се и поголем број на примери кои овозможуваат подобро да се разберат одредени апстрактни идеи.

Во однос на Наставниот план и програма за студии на Факултетот за информатика, опсегот на покриениот материјал е соодветен за да може да се користи како помагало за вежби по предметот Оперативни системи.

**З А К Л У Ч О К**

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „Оперативни системи – Практикум со вежби“ од авторите асистент д-р Игор Стојановиќ и асистент м-р Ѓорѓи Димов да го прифати за печатење како ПРАКТИКУМ.**

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Доц. д-р Зоран Утковски, с.р.**
**Доц. д-р Данко Илиќ, с.р.**